РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20) и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година и Одлуката за измена на Деловникот на Државната изборна комисија бр.08-588/1 од 01.03.2019 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на **02.07.2020** година донесе:

# У П А Т С Т В О

# ЗА НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ И ИЗБОРНАТА ПОСТАПКА

# - ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ -

Процедурата за набљудување на изборите и изборната постапка има за цел давање насоки за начинот на спроведувањето на набљудувањето на изборите и изборната постапка.

## БАРАЊЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СВОЈСТВО НА НАБЉУДУВАЧ:

1. Барање за набљудување на изборите се доставува до Државната изборна комисија.

2. Барање за стекнување својство на набљудувач може да поднесат:
   - Домашни здруженија и странски организации, кои се регистрирани согласно закон, најмалку една година пред денот на одржување на изборите, а во чии статути е вклучено начелото на заштита на човекови права,
   - Меѓународни организации и
   - Преставници на странски земји.

3. Во прилог кон барањето за набљудување, се доставува
   - копија од статут на здружението,
   - копија од регистрација пред надлежен орган
   - списокот на набљудувачи и назнака за местото на набљудување,
   - копија од исправи за идентификација на предложените набљудувачи

4. Барањата, со потребните прилози се доставуваат до Државната изборна комисија од денот на распишувањето на изборите, а најдоцна пет дена пред денот на гласањето.

## ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА НАБЉУДУВАЊЕ

1. Државната изборна комисија издава овластување за набљудување најдоцна пет дена по приемот на барањето.

2. За секој набљудувач од списокот на набљудувачи, Државната изборна комисија изготвува беџ за идентификација со назнака за местото на набљудување.

3. Организациите и лицата кои се стекнале со својство на акредитирани набљудувачи можат да вршат набљудување на целиот изборен процес, откако ќе го добијат овластувањето и беџовите од Државната изборна комисија.

4. Државната изборна комисија има право да им го одземе овластувањето и беџот на набљудувачите, ако започнат да изразуваат поддршка за некој кандидат, партија или коалиција.

## НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ И ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС

1. Акредитираните набљудувачи можат без претходна најава да извршат посета на седиштата на изборните органи и на избирачките места за кои се акредитирани.

2. При посетата на седиштата на изборните органи и на избирачките места, набљудувачите задолжително го покажуваат беџот издаден од Државната изборна комисија и исправа за лична идентификација.

3. Кога акредититаните набљудувачи имаат забелешки за работата на изборните органи и текот на изборниот процес, за истите треба да му укажат на избирачкиот одбор (кога забелешките се однесуваат на неговата работа) односно на општинска изборна комисија (кога забелешките се однесуваат на нејзината работа).

4. За дадените укажувања на работата на избирачкиот одбор, акредититаните набљудувачи треба да ја известат надлежната општинска изборна комисија и Државната изборна комисија, а за укажувањата на работата на општинска изборна комисија ја известуваат Државната изборна комисија.

5. Државната изборна комисија, односно општинската изборна комисија се должни да побараат информација за тоа кој акредитиран набљудувач и на кој начин ја констатирал неправилноста.

6. Избирачкиот одбор, сите примени укажувања ги евидентира во дневникот за евиденција на настани и ја известува општинската изборна комисија.

7. Општинската изборна комисија води записник за примените укажувања. Општинската изборна комисија е должна веднаш по примeното укажување да изврши посета на избирачкото место и да ја утврди фактичката состојба. За примените укажувања, утврдената фактичка состојба и преземените мерки, општинската изборна комисија веднаш ја известува Државната изборна комисија.

8. Државната изборна комисија води евиденција за сите пристигнати укажувања.

## ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ТЕКОТ НА ИЗБОРИТЕ

1. Само акредитираните набљудувачи можат да информираат за текот на изборниот процес и активностите поврзани со неговото набљудување.

2. Во функција на информирање за текот на изборниот процес и активностите поврзани со неговото набљудување, акредитираните набљудувачи можат да одржат прес конференција.

3. Државната изборна комисија ги информира акредитираните набљудувачи дека таа и/или општинската изборна комисија преземале мерки за надминување на утврдените неправилности.

4. Претставник од Државната изборна комисија може да учествува на прес конференцијата заради изнесување на веродостојни и проверени факти, со цел вистинито, правилно и непристрасно информирање на јавноста за работата на изборните органи, текот на изборите и изборната постапка. Акредитираниот набљудувач е должен на прес конференцијата да му овозможи на претставникот на Државната изборна комисија да ги изнесе своите наоди.

5. Државната изборна комисија ќе го одземе овластувањето и беџот на набљудувачите, ако:

- започнат да изразуваат поддршка за некој кандидат, партија или коалиција;
- на прес конференцијата се изнесуваат невистинити и/или непроверени факти кои може да влијаат врз работата на изборните органи или да ја нарушат кредибилноста на изборите и изборниот процес;
- и покрај укажувањата продолжуваат со активности кои се во насока на нарушување на кредибилноста на изборите и изборниот процес.

6. Државната изборна комисија води евиденција за сите издадени и одземени овластувања за набљудувања.

7. Кога на организацијата и/или лицата кои се стекнале со својство на акредитирани набљудувачи ќе им биде одземено овластувањето и беџовите за набљудувачите, Државната изборна комисија нема да издаде ново овластување за истите ниту ќе им издаде овластување за набљудување на наредните избори.

Број 10-687/3
03.07.2020 година
Скопје

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Оливер Деркоски